РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-1231/1
17-03-2026 г./v.

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19) и членот 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на ден 10.03.2026 година ја донесе следната:

## О Д Л У К А

Пријавата со број 12-2102/1 од 07.08.2025 година, поднесена од непознат подносител, со наводи против лицето -------, в.д директор на ЈП ------- Скопје и --------, помошник директор и раководител на секторот за правни, заеднички, општи работи и човечки ресурси, во која се изнесени наводи за сомневање за злоупотреба на службената положба и овластување, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема надлежност за постапување во случајот од причина што предметните дејствија наведени во пријавата не се во надлежност на постапување на ДКСК, а за истите друг орган е надлежен да постапуваа.

Пријавата се доставува на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-2102/1 од 07.08.2025 година да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 07.08.2025 година, е поднесена пријава против лицето -------, в.д директор на ЈП ------ Скопје и -------, помошник директор и раководител на секторот за правни, заеднички, општи работи и човечки ресурси, по која е оформен предмет со број 12-2102/1 од 07.08.2025 година.

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Во пријавата подносителот наведува дека пријавените лица ја злоупотребиле службената положба и овластување и тоа првиот од позиција вршител на должност директор, а вториот од позиција помошник директор и раководител на секторот за правни, заеднички, општи работи и човечки ресурси.
Имено, се наведува дека посочениот в.д директор во координација со --------, сопственик на Друштвото --------, а воедно и сопруг на --------, помошник директор и раководител на секторот за правни, заеднички, општи работи и човечки ресурси на ЈП -------, преземале активности со цел тендерите за сеча и дотур на дрва наменети за Подружницата на ЈП -------, да ги добие фирмата ---------.
Се посочува и дека наведените лица вршеле рекет врз сопствениците на пилани во --------.

Понатаму, наведено е дека на правното лице Друштвото ------- му било дозволено 70 % од дрвата да ги носат во складот на Национални -------, додека 30% да ги задржи за себе и дека од секој камион со огревни дрва се крадело од 7 до 10 кубика дрвна маса.

Од горенаведеното, ДКСК оцени дека е потребно пријавата да се достави на надлежно постапување до Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија, бидејќи содржи наводи кои се во надлежност за постапување на овој државен орган.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., Советник
Контролирал: м-р К.З., Раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., Раководител на сектор
Одобрил: З.Б., Член на ДКСК